ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр. 11-58/7**
**13.06.2023 год.**
**Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20) ја издава следната

**П О Т В Р Д А**
**за заверка на одобрена проектна програма**

Се одобрува Проектна програма за изработка на Урбанистички проект за градби вон опфат на урбанистички план со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на делови од КП 7535/1, 7529, 7534, 7535/2, 7538 и 7539 КО Гевгелија, општина Гевгелија.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот Дијана Пајдаковска од Гевгелија преку полномошник Томе Тимов од Струмица во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.49164) поднесе барање за одобрување на Проектна програма заведено под арх.бр.11-58/1 од 31.01.2023год., а изработена од ДПГИ ,,ВЕКТОР 90,, доо од Струмица, за изработка на Урбанистички проект за градби вон опфат на урбанистички план со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на делови од КП 7535/1, 7529, 7534, 7535/2, 7538 и 7539 КО Гевгелија, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:
1. Проектна програма со технички број 043-0612/2022 од јануари,2023год., изработена од ДПГИ ,,ВЕКТОР 90,, доо од Струмица.
2. Графички приказ на Проектната програма со граница на плански опфат.
3. Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y12023 и Решение УП1-15 1013/2023 од 10.05.2023 издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 11-94/1 од 07.02.2022година, по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11- 58/6 од 05.06.2023година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20). Врз основа на тоа, се одобрува проектната програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov
Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2023.06.13 13:00:23 +02'00'